## Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации
### Образец за пријава на иницијативи

Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме за интересот за пријава на иницијатива во рамки на петтиот од серијата „Отворените денови за иницијативи на граѓанските организации на тема Младински политики кој ќе се одржи на 27.06.2019 година, со почеток во 11.00 часот во Свечена сала, Влада на РСМ.

**Ве замолуваме, пред пополнување на овој образец за пријава, внимателно да го прочитате Упатството за поднесување на иницијативи и брифот со тековни младински политики и проекти**

**Назив на вашата организација: Асоцијација за едукација Младиинфо Интернационал**

**Адреса (улица, број, општина): Филип Филиповиќ 22**

**Електронска пошта (e-mail): info@mladiinfo.eu**

**Телефонски број: 02 5209890**

**Лице за контакт (име и презиме, телефон и е-пошта): Антоанета Иванова**

**Веб страница на вашата организација: www.mladiinfo.net**

**Наслов на вашата иницијатива:**

1. **Мрежа на младински банки на Република Северна Македонија**

**На која од областите на младински политики се однесува вашата иницијатива?**

1. Средношколско демократско организирање
   + Средношколски стандард
2. Студентско демократско организирање;
   + Студентски стандард
3. Ко – менаџмент тело за координација помеѓу младинските организации и институциите и за структурен дијалог
4. Сеопфатно сексуално образование
5. Употреба на психотропни супстанции меѓу малолетници и млади
6. Зелени работни места
7. Младинска работа
8. **Младинска гаранција**
9. **Закон за млади**
10. **Ревизија на Националната стратегија за млади**
11. Проекти за млади во рамки на ФИТР
12. Европска младинска картичка

13. Едно општество - (компонента Млади, компонента Образование, со фокус на младински размени и справување со говор на омраза)
14. **Помагање на заедниците (младински активизам на локално ниво - community service, волонтерство)**

**Проблеми и потреби:**
(Идентификувајте проблем поврзан со тековната младинска политика и образложете го. Максимум еден параграф)
**Иницијативата е поврзана со младинските политки идентификувани под број 8,9,10 и 14.**
Моделот на младински банки предвидува создавање на фондови за млади на ниво на општините, кои ќе се полнат со општински средства, како и средства обезбедени од граѓанските организации во соработка со бизнис заедницата или преку проекти од донатори. Преку фондот ќе се **поддржат проекти / локални граѓански акции од неформални групи млади или поединци** кои ќе имаат за цел да придонесат за **унапредување на животот во локалната заедница**. Моделот предвидува дека со средствата ќе управуваат т.н. одбори на младинските банки, формирани на ниво на општините, а составени од млади луѓе од самата општина.Тие ќе работат под менторство на претставник за млади од општината, како и претставник на Мрежата на младински банки Македонија.
**Моделот на младинска банка придонесува кон младинска политика број 8 бидејќи работи во општини каде се идентификувани млади ( НЕЕТс) надвор од образование, тренинг и вработување. Потоа придонесува кон младинска политика број 9 бидејќи младинските фондови може да бидат администрирани од општинските младински совети кои се вклучени во законот за млади. Придонесува кон младинска политика под број 10, секторска тема младинско вработување бидејќи предвидува дел од поддржаните иницијативи да креираат работни места. И последно придонесува кон младинска политика/тема под број 14 бидејќи предвидува младински активизам, помагање и развивање на заедниците на локално ниво.**

**Објаснување на иницијативата:**
(Објаснете ја вашата иницијатива, поврзана со тековна младинска политика односно што е она кое вие го предлагате со оваа иницијатива и наведете ја надлежната институција која треба да ја спроведе. Максимум два параграфи.)

Преку овој модел, младите директно се вклучуваат во процесите и прашањата што ги засегаат, работејќи на своите вештини за вработување (пишување проекти, одлучување, работа со буџет, работа со медиуми, претприемнички вештини), но и на животните вештини (работа во тим, препознавање на проблем, емпатија, солидарност, креативност). Општините од друга страна, добиваат активни млади кои работат на унапредување на заедницата во која живеат, како и подобрен квалитет на живот во самата заедница. Мозаик фондација со кои Младиинфо тесно соработува веќе 9-та година успешно го спроведува овој модел во Босна и Херцеговина, а истиот постои и во 20 други земји од светот.

**Иницијативата предввидува формирање на младински банки во најмалку 4 општини како пилот проект секоја со фонд од 4000 евра ( вкупен фонд 16 000 евра).** Преку овој фонд ќе се поддржат проекти од исклучителна важност за општините, кои одат **во насока на стратегијата за млади на Република Македонија, општината и општинските**

**приоритети**. Според деск анализата на достапните документи, предлагаме преку младинската банка да се поддржат проекти на следните теми:

- **Екологија** (зачувување на животната средина, намалување на загаденоста, одржување на зелени површини, унапредување на просторно планирање, селекција и менаџирање со отпад);
- **Младински волонтеризам во време на криза** (поттикнување волонтерство меѓу младите, менаџирање на волонтери во ситуации на природни непогоди – пожари, поплави, земјотреси и слично, обуки за превенција и рана интервенција за млади, развој на дигитални технологии за превенирање непогоди и менаџирање волонтери);
- **Младинска вработливост** (создавање вештини за полесно вработување на младите, поттикнување самовработување меѓу младите, бизнис и претприемачки знаења и вештини, стучно образование и обука);
- **Култура и соживот** (организирање културни манифестации, поттикнување интергенерациска соработка и разбирање, туризам, меѓуетнички дијалог, надминување на поделеноста меѓу урбаните и руралните средини);
- **Здравје и спорт** (спортски манифестации, поттикнување здрав начин на живот, промоција на спортот како алатка за соработка и разбирање).

**Младинските банки – задача на локалниот младински совет (во улога на Одбор за младински банки) + менторство од претставник од општина и Младинската мрежа**

Со овие средства предвидено е да управува **Одборот на младински банки, составен до 10 членови на возраст од 16 – 30 години**, **наместо на одборот, младинските банки може да се задолжение на локалниот младински совет** (на овој начин би се скратила процедурата за избор на Одоброт, а локалниот младински совет би добил конкретна задача). Работата на Одборот / локалниот совет во делот на младински банки ја **менторира претставник на општините** (одговорен за млади) **и член на Мрежата на младински банки** . Тие го распишуваат конкурсот за проекти кои ќе се поддржат од младинските банки и тие избираат кои проекти да добијат грант.

**Неформални групи на млади – корисници на средствата.** Од друга страна, **со фондот на сите 4 општини ќе се поддржат најмалку 10 младински иницијативи** на неформални групи млади, претпоставувајќи дека еден проект е во висина од околу најмалку 1000 евра. На овој начин, ќе им овозможиме на младите да бидат активни и придонесат кон унапредување на нивната локална заедница, без разлика на тоа дали се дел од некоја организација или иницијатива. Дополнително, на овој начин ќе дојдеме и до младите кои се исклучени од тренинг, образование и немаат работа и ќе можат да направат нешто корисно со своето време. Одборот или во случајов локланиот младински совет одлучува кои проекти ќе бидат поддржани.

Институции кои треба да се инволвирани: Министерство за локална самоуправа, Агенција за млади и спорт, локални власти и други институции чија надлежност се млади.

**Цели и очекувани резултати:**
(Објаснете кои се целите што ќе се постигнат доколку се спроведе предложената иницијатива. Објаснете кои се посакуваните или очекуваните ефекти, односно што ќе се промени доколку се спроведе предложената иницијатива. Максимум еден параграф.)

Креирани младински банки во следниве општини: Гостивар или Струга, Боговиње, Прилеп, Новаци, секоја со фонд обезбеден 50% од општината ( меморандуми за разбирање веќе

подготвени и во процес за потпишување со општините и истите веќе се спремни да дадат 50% од договорениот буџет)
Ангажман на 4 младински одбори и минимум на 40 млади кои ќе бидат дел од истите. Поднесени најмалку 20 младински инциијативи на ниво на сите општини, а финансирани минимум 10 младински иницијативи. Влијание врз минимум 80 млади кои ќе бидат опфатени во пилот иницијативата, а индиректно на заедниците во 4 општини.
Креирањето на моделот/фондот на младински банки во општините ќе придонесе на прво ниво инволвираност на општината, граѓанските организации и бизнис заедницата во креирање на општо корисни иницијативи за подобрување на квалитет на животот на локално ниво, исто така ќе ги инволвира младите кои ќе бидат дел од иницијативите а воедно ќе придонесе кон креирање на еко ситем ориентиран кон младите а заснован на долгорочна меѓусекторска соработка ( помеѓу општините, граѓанските организации, младите и бизнис заедницата) во кој сите заедно ќе предлагаат, креираат и создаваат иницијативи за подобар живот на национално ниво. Моделот на Младински банки треба да функционира на ниво на сите општини во РСМ.

**Проценка на финансиски импликации и временска рамка:**
(Наведете, јавни финансиски импликации за реализација на предложената иницијатива, т.е. проценка колку буџетски средства би биле потребни за да се спроведе Вашиот предлог. Претставете ја временската рамка на спроведување на иницијативата.)

**Временска рамка за 4 општини е 12 месеци почнувајќи од септември 2019 или подоцна, буџетски средства вкупно 30 000 евра ( но 8000 евра обезбедени од општините) :**
2000 евра за 4 општини ( 8.000 евра) самопридонес на секоја општина кој веќе е договорен со наведените општини ( придонес од самите општини)
2000 евра за 4 општини ( 8.000 евра) да се обезбедат од буџет на конкретно министерство или агенција за млади и спорт
3000 евра – дводневен тренинг за градење капацитети на Одборот на младински банки / Локалниот младински совет за работа со младинските банки и избор и мониторинг на проекти (вклучувајќи освежување, кафе паузи, ручек и надомест за тренерот)
2000 – четири еднодневни работилници за пишување иницијативи кои ќе бидат поднесени до локалната младинска банка
500 евра – ангажирање консултант за изработка на потребните документи за воспоставување на моделот (повик за избор на членови кои ќе го менаџираат фондот, апликациски формулар, евалуациски формулар за избор на членовите, проектна апликација за младински банки, форма за евалуација и избор на проекти кои ќе добијат поддршка, формулар за мониторинг на имплементација и финален евалуационен прашалник)
5500 евра на годишно ниво за членови на персоналот кои ќе бидат одговорни за менторирање и програмско, финансиско и оперативно спроведување на моделот во секоја од четирите пилот општини и на ниво на мрежата.
3000 евра за дизајн, принтање, дисеминација и видливост за спроведување на иницијативата, како и промоција на самиот модел на ниво на цела република.
Нефинансиски придонес со обезбедување простор за состаноци на локалниот младински совет во просториите на општината или на Центарот за млади и НВО

**ВКУПНО: 30 000 евра**

**Начелен план за мониторинг и евалуација:**
(Објаснете како планирате да го следите и оцените спроведувањето на вашата иницијатива. Максимум еден параграф.)

Младиинфо, во соработка со општините и координаторот на мрежата, ќе изработи механизми за мониторинг и евалуација на одобрените проекти, а исто така ќе ги вклучи членовите на Одборот / локалниот младински совет во програма за градење на нивните капацитети за избор, мониторинг и евалуација на проекти.

**Допонително образложување на иницијативата кое не е опфатено со претходните прашања:**
(Максимум 5 параграфи)

**Прилози (опционално):**
(Прикачете подетални информации за предметот, целите и позадината на предложената иницијатива, студии и анализи што ги сметате за релевантни, итн)

Документите како студијата, водичот, статутот се наоѓаат на овој линк подолу:

http://mladinskibanki.mk/%d0%b7%d0%b0-%d0%bc%d1%80%d0%b5%d0%b6%d0%b0%d1%82%d0%b0/%d0%b4%d0%be%d0%ba%d1%83%d0%bc%d0%b5%d0%bd%d1%82%d0%b8/